Вршител на должност-Директор на ДСУ „Математичко-информатичка гимназија“-Скопје, врз основа на Член 22, став 1, точка 1 и Член 23 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија" број 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/19, бр.267/20, бр.151/21), член 3, член 4, член 6, член 9, член 10, член 11, член 12, од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19), член 92 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.229/20, 269/23 и 78/25), член 102 од Статутот на училиштето и Известувањето од Министерството за образование и наука бр.13-8779/2 од 08.07.2026 година (наш бр.04-221/3 од 08.07.2026 година), за одобрени согласности за вработување наставен кадар и стручни соработници во средните училишта на определено работно време-старо финансирање за учебната 2026/2027 година и Известувањето од Министерството за образование и наука бр.13-9228/4 од 08.07.2026 година (наш бр.04-253/4 од 12.08.2026 година), за одобрени согласности за вработување наставен кадар и стручни соработници во средните училишта на определено работно време-ново финансирање за учебната 2026/2027 година, како и врз основа на Одлуката на училиштето со деловоден бр. 02 - 349/1, за распишување на јавен оглас за вработување на стручни соработници и наставници на определено работно време - старо финансирање, во учебната 2026/2027 година, распишува:

# Ј А В Е Н  О Г Л А С

## за вработување на стручни соработници и наставници на определено работно време-старо финансирање, во учебната 2026/2027 година

**СЕ РАСПИШУВА** јавен оглас за вработување на наставник за настава на македонски наставен јазик, на определено работно време-старо финансирање и ново финансирање, во учебната 2026/2027 година, односно до 31.08.2027 година, за следните работни места:

***1.*** **1 (еден) извршител за работното место: наставник по хемија, за настава на македонски наставен јазик, со 4 (четири) наставни часови, односно 8 (осум работни часови со завршени студии по хемија, распореден во 1 (еден) работен ден во текот на работната недела, со нето месечна плата од 8.500,00 денари + додаток за минат труд од висина на 0,5% за секоја година работен стаж, со двосменско дневно работно време - прва смена од 07:30 часот до 13: 25 часот и втора смена од 13:30 часот до 19:25 часот.**

***1.*** **Услови:**

Кандидатите за наставници треба да ги исполнуваат условите пропишани во одредбите од Законот за работните односи, Законот за средното образование и Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, а особено:

**- да имаат завршено најмалку 4 (четири) години соодветно високо образование согласно со нормативот за наставен кадар, утврден во наставната програма и да се имаат стекнато со најмалку 240 ЕКТС. Квалификациите со кои се стекнуваат наставниците за професијата наставник, припаѓаат на VI-А ниво од Македонската рамка на квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на високообразовни квалификации.**

**- да имаат положено стручен испит по истекот на приправничкиот стаж;**

**- да се државјани на Република Северна Македонија;**

**- да го познаваат македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и јазикот и писмото на кој ќе ја изведуваат настава, што ќе се утврди со соодветна проверка со наставниците коишто имаат доставено навремена, комплетна и уредна документација, во просториите на училиштето, за што ќе бидат дополнително известени за денот и часот на проверката.**

По исклучок, за наставник може да се избере и лице кое нема положено стручен испит, најмногу до завршувањето на тековната учебна година и под менторство на наставник - ментор определен од

училиштето, врз основа на Член 3, став (3) од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 161/19).

Лице кое се стекнало со високо образование на ненаставна група на наставнички студии, односно на студии кои немаат наставна насока и се утврдени со нормативот за наставен кадар во наставната програма, може да се вработи, само доколку се стекне со педагошко - психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи, согласно Член 4, став (1) од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 161/19).

Кога на јавниот оглас, ќе се јават повеќе кандидати, предност имаат наставниците, кои имаат повисок степен на соодветно високо образование и повисок успех во текот на додипломските студии, врз основа на Член 10, став (3) од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 161/19).

Доколку на јавниот оглас, не се пријави лице кое ги исполнува утврдените услови, може да се заснова работен однос на определено време до крајот на учебната година со лице кое се јавило на јавниот оглас за наставник, врз основа на Член 11, став (1) од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 161/19).

---

Кандидатите за наставници и стручни соработници заедно со Пријавата треба да ги приложат следните документи:

**- Диплома или Уверение за завршено соодветно образование, согласно Нормативот за наставен кадар утврден во наставните програми;**

**- Уверение за педагошко - психолошка и методска подготовка (за наставниците коишто немаат завршено наставна група);**

**- Уверение за положен стручен испит (доколку имаат положено);**

**- Уверение за државјанство на Република Северна Македонија.**

---

Сите потребни документи во оригинална форма или заверена фотокопија на нотар, да се доставуваат до **ДСУ „Математичко-информатичка гимназија“ – Скопје, бул „Партизански одреди“ бр.91, 1000 Скопје** по **препорачана пошта или брза пошта или во архивата на училиштето, во зададениот рок,** со назнака **„јавен оглас за вработување на наставен кадар на определено време“.** Огласот трае **3 (три) работни дена** сметано од денот на објавувањето, а изборот да се изврши во рок во зависност од пријавените кандидати, согласно Член 23, став (2) од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија број 167/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 110/19).

Некомплетните, неуредните и ненавремено доставените документи ќе бидат отфрлени и нема да се разгледуваат од страна на Училишниот одбор.

Контакт лице по јавниот оглас е **Дијана Петрова,** со контакт телефон **070/423-564** и контакт е-маил адреса **dsu.mig.skopje@gmail.com.**

ДСУ „Математичко-информатичка гимназија“-Скопје